РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 22.05.2023

| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 18 - | 861/1 | | |

**До:**
Томче Јанкуловски
ул.„Димитар Влахов„ бр.4
Општина Гевгелија
1480 Гевгелија

**Барање**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Според јавната достапност на буџетските документи на официјалната веб страна и Службен Гласник на општина Гевгелија, потребни ни се следните информации:

1. Годишен извештај за работењето на општината за 2022 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

2. Граѓански буџет за било која година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

3. Извештај од надворешна ревизија (Државен завод за ревизија) за некоја од последните 5 години (2018-2022)
   Доколку се објавени на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истите, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

4. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) во 2022/23 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики за следната година.
   Доколку имате спроведено граѓански форум или друга форма на прибирање предлози од граѓаните, Ве молиме да ни доставите Записник од истиот.

5. На кој начин ги известувате граѓаните дали нивните предлози ќе бидат вклучени во програмите за буџетот за следната година? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

6. На кој начин ги известувате граѓаните за статусот на имплементација на нивните предлози кои се вклучени во програмите за буџетот (објава на веб страна, презентација, средба, писмено соопштение)? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

7. Стратегија за управување со ризици
   Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни ја доставите во електронска форма.

8. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

9. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

10. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2022 година?

11. Доколку не, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
***г) електронски запис***
д) друго------------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
***г) е-маил*** [redacted]
д) друго------------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател на информацијата**:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

[redacted]

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], на 22.05.2023 год., имателот на информацијата Општина Гевгелија го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**1.** Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, кое гласи: Прашање бр.1 Годишен извештај за работењето на општината за 2022 год. (Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма), Прашање бр.2 Граѓански буџет за било која година (Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма), Прашање бр.3 Извештај од надворешна ревизија (Државен завод за ревизија) за некоја од последните 5 години (2018-2022) - Доколку се објавени на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истите, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма, Прашање бр.4 Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) во 2022/23 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики за следната година - Доколку имате спроведено граѓански форум или друга форма на прибирање предлози од граѓаните, Ве молиме да ни доставите Записник од истиот?, Прашање бр.5 На кој начин ги известувате граѓаните дали нивните предлози ќе бидат вклучени во програмите за буџетот за следната година?, Прашање бр.6 На кој начин ги известувате граѓаните за статусот на имплементација на нивните предлози кои се вклучени во програмите за буџетот (објава на веб страна, презентација, средба, писмено соопштение)?, Прашање бр.7 Стратегија за управување со ризици (Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни ја доставите во електронска форма), Прашање бр.8 Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?, Прашање бр.9 На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?, Прашање бр.10 Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2022 година?, Прашање бр.11 Доколку не, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?,
СЕ УВАЖУВА.

**2** Општина Гевгелија го информира барателот дека по наведеното Барање до барателот **ќе достави одговор согласно своите законски надлежности**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], на 22.05.2023 год, преку е-маил до имателот на информацитата Општина Гевгелија со кое побара преку е-маил да биде доставен електронски запис по следните прашања:

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

1. Годишен извештај за работењето на општината за 2022 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.
   - https://www.gevgelija.gov.mk/e-opstina/izvestai

2. Граѓански буџет за било која година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.
   - Нема донесено граѓански буџет

3. Извештај од надворешна ревизија (Државен завод за ревизија) за некоја од последните 5 години (2018-2022)
   Доколку се објавени на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истите, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.
   - Во наведениот период не е извршена надворешна ревизија (Државен завод за ревизија)

4. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) во 2022/23 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики за следната година. Доколку имате спроведено граѓански форум или друга форма на прибирање предлози од граѓаните, Ве молиме да ни доставите Записник од истиот.

   - Во подготвувањето на буџетската рамка на Општината за 2023 година, непосредно беа вклучени и граѓаните. За таа цел, Општина Гевгелија организираше отворени викенди за давање предлози и идеи од граѓаните, вклучувајќи ги и младите, за развојот на Општина Гевгелија во 2023 година (3 и 4, и 10 и 11 декември, 2022 година). Предлозите се доставуваа во Општина Гевгелија, во периодот од 11:00 до 14:00 часот.

   Исто така, Општина Гевгелија изработи и веб-платформа за граѓанско учество во креирањето на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, која беше пуштена во употреба и објавена на официјалната веб-страна и Фејсбук-страната на Општина Гевгелија. Граѓаните од општина Гевгелија имаа можност да учествуваат во креирањето на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година со пополнување на електронски анкетен прашалник, кој се состоеше од податоци за учесникот во анкетата и наведување предлози за одредена област, во надлежност на Општина Гевгелија. Притоа, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, во рамките на отворената расправа по Нацрт и Предлог- Буџетот на ОГ, реализираше средби и со претседателите на Месните заедници од Општина Гевгелија за собирање предлози и сугестии.

   Во прилог: линк од електронската платформа за граѓанско учество во креирањето на буџетот
   https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSeqmKA2ID7MqVdNGsEyBwXJZ2Wbmmv65PriMNv058iJxMdO6A/viewform?vc=0&c=0&w=1&flr=0
   и резултати во пдф и ексел документ.

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843

5. На кој начин ги известувате граѓаните дали нивните предлози ќе бидат вклучени во програмите за буџетот за следната година? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

   Најпрво од страна на општинската администрација се објавува:
   - Јавен повик
   - Објави на општинската WEB страна
   - Покани до Претседатели на Месни заедници

   Врз основа на доставените предлози се формира комисија составена од лица-преставници од општинската администрацијат. Комисијата составува записник/извештај и предлозите се доставуваат до изготвувачите на материјалите, за да ги вметнат издржаните предлози во нивните програми. По препорака на комисиите, истите се ставаат на дневен ред на седница на Совет, односно се гласа нив.

6. На кој начин ги известувате граѓаните за статусот на имплементација на нивните предлози кои се вклучени во програмите за буџетот (објава на веб страна, презентација, средба, писмено соопштение)? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

   - Кога ќе се усвојат предлозите на граѓаните (Програмите на Здруженијата на граѓани и НВ Организации и сл.) од Советот, истите се скенираат и се објавуваат на веб страната на општината, или на барање на граѓаните им се доставуваат на е-маил.

7. Стратегија за управување со ризици
   Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни ја доставите во електронска форма.
   - Не е донесена стратегија за управување со ризици

8. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?
   - Граѓаните можат редовно да присуствуваат на седниците на Совет, но поради ограничениот простор во салата во која се одржуваат седниците потребна е нивна најава

9. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?
   На веб-страната на Општина Гевгелија, на огласна табла, преку дневниот билтен
   Седниците на Совет, се прикажуваат во живо од страна на локалниот ТВ медиум, истите се снимаат за да подоцна можат граѓаните да ги гледаат (на веб страната на локалната телевизија, веб страната на Општина Гевгелија, како и на YOU TUBE каналот).

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

10. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2022 година?
    - Јавна расправа се отвара на самата седница кога и се дискутира за Завршната сметка.

11. Доколку не, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?
    - Не

**Во прилог на решението ви доставуваме:**
Резултати во ПДФ – ексел документ од веб платформата за граѓанско учество во креирањето на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Гевгелија, 25.05.2023 година, под бр. 18-861/3.

По овластување на Градоначалник
на Општина Гевгелија
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Томе Јанкуловски ____________________

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-861/2**
**25.05.2023 год.**
**Гевгелија**

[redacted]

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Гевгелија

**ВРСКА:** архивски број на примено барање 18-861/1 од 22.05.2023 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019), во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,

По овластување
на Градоначалник на Општина Гевгелија
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Томе Јанкуловски ____________________

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Доставено до:
- насловот
- архива

# Граѓанско учество во креирање на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година

7 responses

## Пол

Copy

7 responses




## Возраст

Copy

7 responses




## Населено место

Copy

7 responses




## Посочете ја областа на која припаѓа Вашиот проблем, предлог или идеја!

Copy

7 responses




## Опишете ги Вашиот: проблем, предлог или идеја (во кратки црти)!

7 responses

Кино опрема и озвучување

Нова детска градинка и ново основно училиште или надградба на постоечките. И велосипедски патеки до школото како и јавен превоз за учениците, како би се решил сообраќајниот метеж пред таквите установи.

Вработување на млади кадри во образование!!

Realen problem za mnogu gragjani e odenjeto vo smeni vo osnovnite ucilista.Da se predvidi dogradba/nadgradba na nekolku ucilnici vo ucilisteto Vlado Kantardziev (kade postojat moznosti) i da se ukine odenjeto vo smeni i da se vovede dneven prestoj. Pridobivkite se golemi pred se za decata, za poditelite, no i za zasteda na energija.

Dogradba na ucilistata za da nema odenje vo smeni. So godini nikoj ne saka da gi slusne problemite na roditelite. Ednas zasekogas da se organizira nastavata kako sto treba

rascistuvanje na trotoarite vo naseleno mesto Gevgelija

This content is neither created nor endorsed by Google. Report Abuse - Terms of Service - Privacy Policy

Google Forms